РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање мислење за постоење на судир на интереси со кое се бара мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси во следната ситуација: лицето е дел од работна група, формирана од Министерот за култура и туризам со Решение, за изнаоѓање на можни решенија за изменување и дополнување на Колективниот договор за култура, како вработено лице во истото министерство на работно место раководител на Сектор за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права, додека пак  сопругот на лицето е вработен во Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје, односно е „работник“ во смисла на Колективниот договор, а „работодавач“ е јавна установа од областа на културата.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.202 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува поимот „судир на интереси:  „Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“.

Имено, Државната комисија е на став дека во конкретната ситуација не постои состојба на судир на интереси но при натамошното извршување на службени должности како вработено лице во Министерство за култура и туризам, треба да внимава да не се доведе до судир на интереси.

Согласно наведеното, Државната комисија укажува за тоа доколку лицето се најде во некоја ситуација која може да доведе до потенцијален судир на интереси или реален судир на интереси потребно е да постапи согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:
Член 75 став 1

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.“

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**